**20090991888**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јули 2009 година.

Бр. 07-3487/1
29 јули 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА

Член 1

Во Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ број 16/2004, 128/2006, 63/2007, 88/2008, 159/2008 и 20/2009), во членот 24-а по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Во периодот од 1 мај до 30 септември забраната за продажба на алкохолни пијалаци е од 21,00 до 6,00 часот наредниот ден.“

Член 2

Во членот 49 став 1 по точката 12 се додава нова точка 12-а, која гласи:

„12-а) врши продажба на алкохолни пијалаци од 21,00 до 6,00 часот наредниот ден во периодот од 1 мај до 30 септември (член 24-а став 3);“.

Во ставот 5 сврзникот „и“ пред бројот „11“ се заменува со запирка, а по бројот „11“ се додаваат зборовите: „и 12-а“.

Во ставот 6 бројот „4“ се заменува со бројот „5“.

Член 3

Во членот 56 став 1 по точката 12 се додава нова точка 12-а, која гласи:

„12-а) врши продажба на алкохолни пијалаци од 21,00 до 6,00 часот наредниот ден во периодот од 1 мај до 30 септември (член 24-а став 3);“.

Во ставот 5 по бројот „12“ се додава бројот „12-а“.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.